Република Северна Македонија

**Дирекција за безбедност**
**на класифицирани информации**

Бр. 02-1039/12

Скопје, 30.11.21 година

Врз основа на член 75 став 1 од Законот за класифицирани информации(*) („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 275/19), член 55 став 2 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија" бр. 58/00, 44/02, 82/08, 167/10, 51/11 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 96/19, 110/19), а во врска со член 119 и 120 од Законот за заштита на личните податоци(*) („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 42/20) и согласно член 45 од Правилникот за безбедност на обработката на личните податоци („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 122/20), директорот на Дирекцијата за безбедност на класифицирани информации донесе

# ПРОЦЕДУРА ЗА КОПИРАЊЕ И УМНОЖУВАЊЕ НА ДОКУМЕНТИ ШТО СОДРЖАТ ЛИЧНИ ПОДАТОЦИ

## Цел

## Член 1

Оваа процедура има за цел да воспостави безбедносен систем за заштита на личните податоци при копирање и умножување на документи што содржат лични податоци во хартиена или во електронска форма во Дирекцијата за безбедност на класифицираните информации (во натамошниот текст: Дирекцијата).

## Копирање и умножување на документи кои содржат лични податоци

## Член 2

(1) Копирањето и умножувањето на документи што содржат лични податоци треба да биде ограничено и дозволено за службени потреби, по барање на надлежен орган во законски пропишана постапка и за случаи и постапки уредени со закон.

(2) Копирањето и умножувањето на документите може да се врши единствено од страна на овластените лица.

(3) При копирањето на документите што содржат лични податоци, тие не треба да се оставаат непотребно на копир апаратот без присуство на овластеното лице кое ги копира документите.

(4) Документите што содржат лични податоци се копираат само во потребен број на примероци со цел да се оневозможи друго неовластено лице да дојде во контакт со копираните, односно умножените документи.

(5) Уништувањето на копираните или умножените документи треба да се изврши на начин што ќе оневозможи понатамошно обновување на содржаните лични податоци.

(6) Кога, во случаи предвидени со закон, се издаваат копии од документи што содржат податок за единствен матичен број на граѓанинот (ЕМБГ) на лица коишто се подносители на барање, а не се носители на личниот податок, податокот за ЕМБГ не треба да биде непотребно видлив.

(7) Исклучок од правилото под реден број (6) е кога податоците се издаваат на барање за службени потреби согласно закон.

**Примена и ревизија на процедурата**

**Член 3**

(1) Оваа процедура почнува да се применува од денот на нејзиното донесување и истата се објавува на веб-страната на Дирекцијата.

(2) Оваа процедура ќе се ревидира во случај на промена на основот на којшто е донесена и по потреба за изменување и дополнување на системот за заштита на личните податоци што се обработуваат во Дирекцијата.

**Директор,**

**Стојан Славески**